**_Република Македонија_**
**_ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ_**
**_НА МАКЕДОНИЈА_**
**_Број: 02-2253/2_**
**_28.02.2007 год._**
**_С к о п ј е_**

**_ЗАПИСНИК_**
**_од X-та седница на Управниот одбор на_**
**_Фондот за здравствено осигурување на Македонија,_**

*одржана на 28.02.2007 година во 10:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**_Присутни членови на Управниот одбор:_**

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Стоматолошката и Лекарската комора на Македонија-член.*

**_Отсутни:_**

- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член;*
- *ТрајчеЛеов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*

**_Присутни од ФЗОМ:_**

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, в.д. помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*
- *Герасим Тренчевски, началник на план и анализа (делумно присутен)*
- *Златко Алексов, претседател на Комисија за јавни набавки (делумно присутен)*

- *Љубица Димитровска, началник на финансии (делумно присутна)*
- *Христо Трповски, правник*

*Пред започнување на седницата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *Покана за десетата седница;*
- *Записник од деветата седница на УО на ФЗОМ;*
- *Предлог-Одлука за утврдување на Годишната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година придружена со Извештај за финансиското работење на ФЗОМ по завршната сметка за 2006 година;*
- *Предлог-Одлука за изменување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Предлог-Одлука за изменување на одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007, придружена со образложение и барање од ЈЗУ Општа болница Тетово;*
- *Предлог за исплатување на аванс на стоматолозите специјалисти кои се концесионираат;*
- *Предлог на амандман на Законот за изменување и дополнување на законот за здравственото осигурување;*
- *Барање за исплата на паричен надоместок од група забни техничари - концесионери;*
- *Барање од семејство Николовски;*
- *Барање од Загорка Чорева.*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата и го претстави новиот член на Управниот одбор - Д-р Снежана Костадиноска Милошеска. Откако утврди дека на седницата присуствуваат потребниот број членови за полноважно одлучување го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од IX седница на УО одржана на 09.02.2007 година;*

1. *Усвојување на завршната сметка на Фондот за 2006 година*
2. *Предлог за измена на Планот за јавни набавки во 2007 година со зголемување на средствата потребни за канцелариски материјали од 3.500.000,00 на 4.000.000,00 денари*
3. *Предлог за изменување на буџетскиот плафон за 2007 година за Општа болница Тетово и Специјална болница Лешок - Тетово.*
4. *Разно.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

*-Усвојување на записникот од IX седница на УО одржана на 09.02.2007 година;*

1. *Усвојување на завршната сметка на Фондот за 2006 година*
2. *Предлог за измена на Планот за јавни набавки во 2007 година со зголемување на средствата потребни за канцелариски материјали од 3.500.000,00 на 4.000.000,00 денари*
3. *Предлог за изменување на буџетскиот плафон за 2007 година за Општа болница Тетово и Специјална болница Лешок - Тетово.*
4. *Разно.*

*Пред започнување со работата по дневниот ред, Д-р Страшо Наумовски потсети дека на минатата седница беше разговарано за потребата Директорот на ФЗОМ и Претседателот на УО да се заложат за забрзување на постапките за издавање на решенија за работа на лекарските ординации во Министерството за здравство.*

*Директорот Георги Тренкоски, извести дека неколку пати интервенирал и дека се надева на подобрување на ефикасноста. Се работи за околу 1000 поднесени барања од кои согласност (решение) е издадена за стотина. Од аспект на Фондот е јасно дека согласно Законот за здравственото осигурување, за да соработуваат со Фондот, концесионерите мора да склучат договор.*

*На ова се надоврза Лазар Трајчев кој објасни дека за Фондот да може да склучи договор со концесионерите, документацијата мора да се комплетира со решение од Министерството. Фондот има капацитет веднаш по приемот на решенијата, во најкус рок да ги обработи поднесените понуди и да склучи договори. Со склучувањето на договорот концесионерите веднаш ќе добијат и аванс од 40.000,00 денари. Меѓутоа, застојот во издавањето решенија го оневозможува постапувањето.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*- Усвојување на записникот од деветата седница на УО, одржана на 09.02.2007 година*

*Членовите на Управниот одбор, едногласно го усвоија записникот од деветата седница.*

***ТОЧКА 1*** *- Усвојување на завршната сметка на Фондот за 2006 година*

*По оваа точка, помошникот на директорот за финансии Ромела Поповиќ објасни пред членовите на УО дека согласно прописите на Република Македонија е потребно да се поднесе завршна сметка за 2006 година до крајот на февруари 2007 година. Поради тоа и завршната сметка е предложена пред УО во форма на Одлука со одредени објаснувања. За некоја од наредните седници ќе бидат доставени и подетални материјали од кои ќе може да се видат сите поединости кои се од интерес за членовите на УО (од кои ќе се види како се добиени одделните износи).*

*Снежана Костадиноска Милошоска наведе дека извештајот за финансиското работење на Фондот презентиран пред Управниот одбор е стандардизиран сметководствен извештај кој треба да се предаде во предвидениот рок. За жал, од него граѓаните не можат да добијат добар увид во работењето на Фондот. Затоа, се согласи во предложената форма да се достави на надлежната институција но да се изготви и подетален за објавување во јавноста.*

*Во дискусијата се вклучија и Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски по што Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на Годишната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година***

***ТОЧКА 2*** *- Предлог за измена на Планот за јавни набавки во 2007 година со зголемување на средствата потребни за канцелариски материјали од 3.500.000,00 на 4.000.000,00 денари*

*По оваа точка од дневниот ред објаснување даде претседателот на комисијата за јавни набавки во ФЗОМ Златко Алексов. Тој објасни дека не секогаш може прецизно да се предвидат потребите од канцелариски материјали. Поради зголемен обем на работа и трошоците за канцелариски материјали се зголемија над предвиденото. Додаде дека за можноста за зголемување на средствата извршил консултации со Бирото за јавни набавки при што добил потврда дека тоа може да се изврши. При тоа се подразбира дека зголемувањето треба да биде во рамките на утврдениот буџет. На крајот додаде дека не ја исклучува можноста и во иднина да се појави потреба од менување на висината на потребните средства.*

*По ова излагање,Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 3*** *- Предлог за изменување на буџетскиот плафон за 2007 година за Општа болница Тетово и Специјална болница Лешок - Тетово.*

*По оваа точка од дневниот ред објаснување даде Герасим Тренчевски, началник на план и анализа. Тој објасни дека потребата за изменување на буџетскиот плафон за овие здравствени установи се укажа поради одложената одлука за трансформација на Специјалната болница Лешок. Претходно беа изготвени два буџета, за Општата болница Тетово и за Специјалната болница Лешок. Но, бидејќи Специјалната болница Лешок не започнала со работа, односно дејствува во рамките на ЈЗУ Општа болница Тетово, потребно е средствата за првото тримесечје да се пренесат на Општата болница Тетово. Ова дотолку повеќе што*

*Општата болница Тетово ги згрижува пациентите кои би биле упатени во Специјалната болница Лешок кога таа би работела.*

*Членот на УО Љубиша Каранфиловски праша како ќе се постапи во месец мај кога болницата во Лешок се очекува да започне со работа.*

*Герасим Тренчевски одговори дека тогаш на болницата ќе и биде ставен на располагање буџетот намален за еден квартал.*

*По оваа дискусија Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година***

***ТОЧКА 4** - РАЗНО*

*4.А Предлог за исплатување на аванс на стоматолозите специјалисти кои се концесионираат*

*Директорот го извести УО за потребата од исплаќање аванс на стоматолозите специјалисти кои се концесионираат. Стоматолозите специјалисти се наоѓаат во специфична положба со тоа што и покрај фактот што вршат дејност од секундарната здравствена заштита сепак се концесионери. Поради тоа има потреба да им се исплати аванс на почетокот од нивното работење. Авансот ќе се исплати за два месеци по 40.000,00 денари.*

*Борис Јосифовски и Снежана Костадиноска-Милошеска поставија прашање дали и други вршители на дејност од секундарната здравствена заштита би можеле да постават вакво барање со што Фондот би се изложил на дополнителни трошоци.*

*Директорот објасни дека предвидениот аванс ќе се однесува само на новите стоматолози специјалисти концесионери и го објасни начинот на плаќање во примарната и во секундарната здравствена заштита.*

*Љубиша Каранфиловски на ова се надоврза велејќи дека кај специјалистите, со буџетските плафони се одредени извршените услуги. Концептот на Министерството за здравство е стоматологијата селосно да се приватизира освен детската до 14 години и итната стоматологија. Тој истакна дека според неговите сознанија повеќето стоматолози се задоволни од предвидените средства. Во специјалистичките стоматолошки ординации услугата (нпр. протезата) ќе може да се добие со партиципација на утврдената цена, додека кај оние што немаат договор пациентот и стоматологот ќе треба да се договорат за цената. Значи, оној кој има договор со Фондот може да им овозможи пониски цени на своите пациенти.*

*Во дискусијата се вклучи и Лазар Трајчев според кого договорот треба да го предвидува извршувањето на услугите како услов за плаќање од страна на Фондот, односно авансот да се оправда.*

*На крајот од дискусијата Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***Одлука***
***за одобрување на авансна исплата***

*4.Б Предлог за поднесување на амандман на Законот за изменување и дополнување на законот за здравственото осигурување*

*По оваа точка од дневниот ред, директорот го извести УО дека на Владата на Република Македонија и е презентиран амандман на Законот за здравственото осигурување кој наиде на позитивен прием. Поради тоа побара УО овој амандман и службено да го поддржи и предложи до Владата и тоа сега, кога измените на Законот за здравственото осигурување се во постапка. Со вклучување на измените предложени со овој амандман ќе се воведат референтни цени за лековите, медицинските помагала, опремата, протезите, ортопедските и другите помагала и потрошните материјали со што ќе се овозможи подобра снабденост и гарантирани цени за сите осигурени лица. Во тој случај, доколку осигуреник или здравствена установа сака да купи поскап генерички лек, Фондот ќе плати само до висина на утврдената цена. Ваков систем функционира најуспешно во Германија и Австрија а во нашиот регион е прифатен во Грција, Бугарија, Србија, Хрватска и Словенија. Во услови на ограничен буџет овој систем за нас е многу поволен.*

*Управниот одбор на ФЗОМ предложениот амандман го поддржа и едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Да се достави до Владата на Република Македонија предлог амандман на Законот за изменување и дополнување на законот за здравственото осигурување со предложениот текст.***

*4.В Барање за исплата на паричен надоместок од група забни техничари концесионери.*

*Се разгледа и барањето на група забни техничари - концесионери од 01.01.2007 година упатено до УО кои побараа Фондот да им исплати аванс заради успешен почеток на работењето како концесионери.*

*Љубиша Каранфиловски го поддржа барањето истакнувајќи дека тоа е оправдано, особено ако се има во вид дека Фондот веќе има донесено таква одлука во првата фаза на приватизацијата. На ова, директорот Тренкоски укажа дека Фондот одобрувал аванс на концесионерите со кои има склучено договор. Стоматолошките техничари не склучуваат договор со Фондот туку со стоматолозите. Во овој момент Фондот не склучува договори со техничарите па затоа ова барање не би требало да е насочено кон него.*

*По ова излагање Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*
.

***З а к л у ч о к:***
***Се одбива барањето на стоматолошките техничари - концесионери***

*Управниот одбор констатира дека се пристигнати и три барања за вклучување на одредени лекови на позитивната листа на лекови. Во врска со овие барања УО одлучи да бидат проследени до Комисијата за позитивната листа.*

*Управниот одбор заврши со работа во 12.15 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***